**ПРАВОСЛАВНА ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА**
**СВЕТА МИТРОПОЛИЈА ВЕЛЕСКА И ПОВАРДАРСКА**

Протокол бр. 72 од 29 мај 2003г.

До
-Претседателот на Управниот одобр на МРТВ
г-динот Дарко Марковиќ
-Генералниот директор на МРТВ
г-ѓата Гордана Стошиќ
-Посматрачите на медиумите во Р. Македонија

Почитувани,

Срамно е, невоспитано, па дури и безобразно, што МРТВ од јавен сервис за сите граѓани, постана јавен џелат за политички неподобните во кои по директива е вброена и нашата смиреност. Не само со едностраното, тенденциозно и злонамерно информирање за настаните околу Црквата, туку пред сѐ со методите за политичка дискредитација кои се употребуваат, изумени уште во времето на тоталитаризмот.

Можеби не е чудно што нема демократија ниту во државата Р. Македонија, ниту во медиумите во таа држава, меѓутоа болно е и трагично што поминаа дванаесет години од падот на комунизмот, а ние ни малку не го променивме тоталитаристичкото воспитување. Се суди и обесчестува нечие име и достоинство, без да му се даде ниту простор за одбрана, а да не споменуваме пак за простор за апелација.

Тоа е моја болка ќе рече некој. Но, таа болка, целисходно е диригирана од машинеријата на МРТВ. Затоа и реагираме. Не за да потсетиме дека слабо напредуваат ветувањата за тоа дека МРТВ ќе постане оаза на демократијата, туку за да предочиме дека воопшто не се променила тоталитаристичката свест на екипите во МРТВ.

Нашата приказна е следнава, а оставаме Вашата совест да пресуди дали заклучоците кои ги изведовме погоре се точни или погрешни. После многукратните обиди направени од страна на нашата смиреност, како и од страна на многу здруженија, асоцијации и поединци од Р. Македонија, да ни се даде малку простор на програмата на МРТВ за да ги објасниме состојбите во Црквата, за прв пат, после 11 месеци откако Велеската Митрополија беше примена во литургиско и канонско единство со Православната икумена и откако ние брутално бевме истуркани на улица од страна на Полицијата на Р. Македонија, ни беше понудено да учествуваме во емисија во живо на МТВ. Се јави уредникот Бранко Радовановиќ утрото на 27 мај оваа година и нѐ замоли да учествуваме во емисијата која тој ја уредува со наслов: Голо око. Бидејќи ниту еден од Владиците во Македонија не му прифатил да излезе во дуел со нас, му било посочено дека може за наш противник да го покани бившиот секретар на Велеската Митрополија, протојерејот Стојко Ристевски, кого ние по доаѓањето на таа катедра го разрешивме од таа должност. Ние, веднаш го запрашавме, дали тој лично не смета дека заради тоа што не сме во исти чин со протојерејот Стојко не сме во рамноправна положба? Веруваме дека искрено одговори оти и тој така смета, но бидејќи

никој од членовите на Синодот не сака да одговори на поканата, единствена алтернатива е да прифатиме соперник во емисијата да ни биде споменатиот прота. Побаравме време да размислиме и по неколку часови, водени од помислата дека 11 месеци бевме под ембарго и немавме никаква шанса да ги објасниме на МТВ нашите постапки и размисли околу единството на Црквата, му се јавивме на уредникот за да го известиме дека прифаќаме да учествуваме во неговата емисија, па дури и под такви понижувачки околности. Уште веднаш забележавме дека не му беше драго што прифаќаме и се обиде да не разубедува да се откажеме бидејќи ќе имало незгодни прашања со кои ќе се бара разјаснување на финансиските малверзации. Ние бевме упорни и рековме дека токму тоа и сакаме, да има конструктивни па и провокативни прашања за да се дознае вистината. Така, се договоривме на 28 мај во 19,45ч. да бидеме во МРТВ.

Утредента на 28 мај, многу рано, се јави г-динот Бранко Радовановиќ и не замоли да го примиме неговото извинување што не ќе може да нè има за гостин во неговата емисија, со изговор дека Охридската архиепископија не била регистрирана пред државата. Можеше да рече дека таква е наредбата од тоталитаристичкиот центар и тоа ќе го разберевме, и да бидете сигурни немаше да го пишуваме ниту ова писмо. Јас потекнувам од една класично антикомунистичка фамилија во која моите најблиски беа судени и осудени за дела против Тито, и ќе го сватевме стравот на човекот кој сепак припаѓа на една постара генерација. Но, да сака да се крие некој позади стакло, изгледа прилично незрело и детски. Охридската архиепископија прво не е ниту конституирана, а како може да биде регистрирана. Треба да се хиротонисаат прво двајцата новоизбрани Владици за да може да се конституира Светиот Синод. Згора на сето тоа, Митрополитот Јован пред законите на секуларната држава Македонија е физичко лице, а дали некој ќе го третира како нечиј претставник или не зависи од неговото убедување. На нашето прашање дали емисијата ќе тече и покрај тоа што во колку ние не бидеме присутни не ќе може да се слушне другата страна, ни одговори дека и во таков случај емисијата ќе тече. Почувствувавме како да сакаше да додаде дека и уште подобро ќе тече отколку што би било кога би учествувале и ние.

Емисијата беше повеќе од несимпатична. Не само заради тоа што беше еднострана и нагласено тенденциозна, туку за саат време колку што траеше стигнаа и да ја обвинат, и да ја осудат нашата смиреност, па дури и да ја извршат гилотината повикувајќи го народот да нè линчува. Со сигурност претпоставуваме дека прашањата кои ги одговараше, сам си ги напишал пред време протата Стојко. Немаше ама баш ниту едно провокативно прашање од оние кои нас ни беа најавувани. Дел од прашањата беа така формирани од страна на уредникот што протата Стојко само требаше да рече: Амин, така е.

Сепак, направете една сондажа да видите колкумина поверувале. Но барем засега, некој тоталитаристички центриран мозок смета дека целта е постигната.

+ЈОВАН
Митрополит велески и повардарски
и егзарх охридски